Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1521/1 од 14.05.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за примање мито и пропуштање на дејствија од страна на службени лица вработени во Државниот пазарен инспекторат ///, заради овозможување на вршење на нерегистрирана дејност, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што пријавениот орган постапил согласно неговите законски надлежности.

Предметот со број 12-1521/1 од 14.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 14.05.2025 година, поднесена е пријава со наводи за примање мито и пропуштање на дејствија од страна на службени лица вработени во Државниот пазарен инспекторат /// заради овозможување на вршење на нерегистрирана дејност и оформен е предмет број 12-1521/1 од 14.05.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за непостапување на службени лица вработени во Државниот пазарен инспекторат /// по пријава со наводи за вршење на нерегистрирана дејност – поправка на возила и наводи за узурпирање на јавна површина наменета за пешаци на ул. /// во ///.

Според наведеното во пријавата, Државниот пазарен инспекторат не постапил по пријави за вршење на нерегистрирана дејност на посочената локација од страна на лицето ///, и покрај тоа што околностите на вршењето на дејноста подносителот ги пријавил во 2021 и во 2025 година. Непреземањето на дејствија од страна на Државниот пазарен инспекторат подносителот на пријавата го припишува на комуникација и координација помеѓу службените лица ///, вработена во Државниот пазарен инспекторат ///, каде е поднесена пријавата, и пазарниот инспектор ///, вработен во Државниот пазарен инспекторат ///.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Државниот пазарен инспекторат.

Од увидот во податоците и информациите доставени како одговор на барањето на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:
Подносителот на пријавата врз чија основа е оформен предметот со број 12-1521/1 од 14.05.2025 година до Државниот пазарен инспекторат /// доставил пријава којашто на ден /// година била проследена до Државниот пазарен инспекторат ///, а во која биле изнесени наводи дека лицето ///, корисник на пензија, во гаража и на тротоар врши дејност којашто не е регистрирана кај надлежен орган.
Врз основа на пријавата од страна на државниот пазарен инспектор /// биле извршени контроли – на /// година и на /// година, при што во Службена белешка /// од /// година и во Записник ИП /// од /// година било констатирано дека на посочената локација нема возила и дека на истата не се врши дејност.
По телефонска дојава од подносителот на пријавата од /// година, за вршење на дејност од страна на претходно пријавеното лице, државниот пазарен инспектор извршил инспекциски надзор при што во Записник /// од /// година констатирал дека пријавениот врши дејност без да биде регистриран во соодветен регистар, по што била предложена постапка за порамнување и бил издаден прекршочен платен налог.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што Државниот пазарен инспекторат како

надлежен орган постапил согласно неговите законски надлежности, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930